RULE OF LAW
EU SUPPORT FOR

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

# РАЗГОВОРИ ЗА ЕДНАКВОСТ

## Второ издание: Право на домување на Ромите

**8 јули 2025**
**Извештај од настанот**

**Оваа публикација е финансирана од Европската унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Лудвиг Болцман Геселшафт - Институт за фундаментални и човекови права (LBI-GMR) и не нужно ги одразува ставовите на Европската унија.**

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

## За "Разговорите за еднаквост"

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) е националното тело за еднаквост воспоставено со Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД) од 2020 година. Според надлежностите утврдени во овој закон, КСЗД донесува препораки како дел од активностите спроведени во рамките на неколку од своите надлежности во своите годишни извештаи, во усвоените мислења, како и да издава општи препораки. Поради природата на нејзиниот мандат и појавноста на дискриминацијата во практиката, КСЗД понекогаш мора да ги формулира овие препораки на поопшт начин со цел да го нагласи постоењето на поголемо, системско или структурно прашање.

Со цел зголемување на ефективноста на КСЗД се наметна и прашањето за спроведувањето на сите нејзини препораки, свесноста за препораките, како и подобрено разбирање на нивното полно значење, вклучително и системската и/или структурната природа на дел од препораките. За оваа цел, КСЗД организираше годишен настан „Разговори за еднаквост“, кој служи како платформа за разговор и дефинирање на конкретен пат и/или план на активности насочени кон спроведување во практиката на поопшто формулираните препораки кои се однесуваат на комплексни прашања, односно на поголеми, системски или структурни прашања.

„Разговори за еднаквост“ е настан кој КСЗД го одржува еднаш годишно. Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, финансиран од Европската унија и имплементиран од Лудвиг Болцман Геселшафт - Институт за фундаментални и човекови права, го поддржува овој настан за време на целото траење на проектот, односно од 2024 до 2026 година. На крајот од проектот, очекувањето е дека како резултат на оваа активност КСЗД ќе има воспоставено традиционален годишен и предводнички настан преку кој ќе биде препознаена и преку кој таа ќе отвора форум за национален дијалог за клучните предизвици во врска со еднаквоста и недискриминацијата.

Во фокус на секој од настаните е по една препорака дадена од КСЗД во рамки на било која од своите надлежности односно усвоено мислење, општа препорака, или квартален или годишен извештај. Оваа препорака треба да се однесува на поголемо, системско или структурно прашање за чие што решавање е потребно покомплексно планирање на различни активности и од страна на неколку релевантни чинители и е потребно дискутирање со цел избирање на најдобар пат за спроведување на истата или пак препораки за кои постои многу ниска јавна свест и/или политичка волја, па е потребно спроведување на активности со цел градење на оваа јавна свест и генерирање на оваа волја. Како исклучок, може за тема да биде одбрано и прашање кое е дел од повеќе препораки кои се можеби системски од помал обем, но се многу на број, па со самото тоа укажуваат на распространет општествен предизвик.

Во јули 2024 година се одржа првиот од серијата настани на КСЗД "Разговори за еднаквост" со поддршка на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ на тема Инклузивно образование. Оваа година, на 8 јули, сличен ваков настан се одржа на тема Право на домување на Ромите, тема која беше заеднички идентификувана од КСЗД и проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ како актуелна и важна за постигнување на суштествена еднаквост на Ромите во нашето општество.

## Очекуван исход

Главна цел на настанот е да обезбеди отворен форум за широк дијалог за клучни предизвици во врска со еднаквоста и недискриминацијата.

Непосредни резултати и продукти:

- Зајакнат дијалог на разни чинители и засегнати страни за поголеми, системски или структурни прашања.
- Пишан извештај од настанот со резиме на дискусиите.
- Пишан преглед на договорени конкретни чекори и активности до системски промени.

## Организатори

- Комисија за спречување и заштита од дискриминација
- Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ финансиран од Европската унија, имплементиран од Лудвиг Болцман Геселшафт - Институт за фундаментални и човекови права

## Учеснички и учесници

| Бр. | Име и презиме | Институција |
|---|---|---|
| 1. | Сузана Камческа | Министерство за транспорт и врски |
| 2. | Кристина Весиќ | Проект РОЛ |
| 3. | Дитер Шиндлауер | Проект РОЛ |
| 4. | Љупка Трајановска | Проект РОЛ |
| 5. | Иван Алинчанец | Проект РОЛ |
| 6. | Наташа Бошкова | Проект РОЛ |
| 7. | Кети Јовановска Јандриевска | Проект РОЛ |
| 8. | Анастасија Анакијева | Проект РОЛ |
| 9. | Себихан Демировски | РРЦ Скопје |
| 10. | Суад Скендери | Ромалитико |
| 11. | Ивана Ѓорѓова | Агенција за планирање на просторот |
| 12. | Димитар Воиноски | ОБСЕ |

| Бр. | Име и презиме | Институција |
|---|---|---|
| 13. | Дарко Мајковски | МСПДМ |
| 14. | Тања Крстевска | МСПДМ |
| 15. | Игор Јадровски | КСЗД |
| 16. | Марија Андреева | Совет на Европа |
| 17. | Карин Бишоф | Проект РОЛ |
| 18. | Агнес Табл | Лудвиг Болцман Институт |
| 19. | Бојан Трпевски | МЗМП |
| 20. | Билјана Дуковска | Љубезност |
| 21. | Нахира Зекирова | МСПДМ |
| 22. | Ѓултен Мустафова | ОБСЕ |
| 23. | Јулијана Николовска | Аташе за социјални прашања Амбасада Австрија |
| 24. | Наталија Цингарска | Проект РОЛ |
| 25. | Игор Стефаноски | Преведувач |
| 26. | Весна Костиќ-Ивановиќ | Народен правобранител |
| 27. | Васка Б. Мустафова | Народен правобранител |
| 28. | Зекир Абдулов | КСЗД |
| 29. | Лила Фаркаш | ЕЛТЕ |
| 30. | Мауро Маскиоли | ЕУД |
| 31. | Мери Бакал | Проект РОЛ |
| 32. | Барбара Лигл | Проект РОЛ |
| 33. | Лимко Бејзароски | КСЗД |
| 34. | Севги Муратоглу | КСЗД |
| 35. | Јасна Шоптрајанова | Преведувачка |
| 36. | Маја Одриќ Микулиќ | Општина Меѓумурје Хрватска |
| 37. | Татјана Мијовска | Проект РОЛ |

## Презентации и дискусии

**Поздравни обраќања**

- Лимко Бејзаровски, претседател на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација
- Гордана Силјановска Давкова, претседателка на Република Северна Македонија
- Ерџан Селими, заменик министер за локална самоуправа
- Михалис Рокас, амбасадор на Европската Унија во Северна Македонија
- Барбара Лигл, лидерка на компонента 4, проект Поддршка на ЕУ за владеење на правото

**Претседателот на КСЗД, Лимко Бејзароски,** го отвори настанот и изрази благодарност за учеството на сите засегнати страни на настанот, особено за искажаната поддршка од претседателката на Република Северна Македонија, Гордана Силјановска Давкова, заменик министерот за локална самоуправа Ерџан Салими, амбасадорот на ЕУ во Северна Македонија, Михалис Рокас и Барбара Лигл, лидерка на компонента на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото". Тој потенцираше дека Комисијата за спречување и заштита од дискриминација подолго време го има идентификувано проблемот со домувањето како едно од клучните системски прашања, каде што дискриминацијата, особено кон одредени етнички заедници во државата, најчесто добива своја највидлива форма. Претседателот на КСЗД појасни дека преку недостаток на соодветен Генерален урбанистички план и детални урбанистички планови на ниво на единиците на локалната самоуправа, како и непостапувањето на надлежните институции по истите, резултираат со отсуство на основна инфраструктура и соодветно домување. Долгорочното нерешавање на статусот на домување и обезбедување на безбедна средина за живеење придонесува кон одржување на нееднаквоста кон Ромите. Токму овој настан има јасна цел, да преминеме од зборови кон дела и конкретни решенија. Нашата задача не е само да укажеме на проблемите, туку и да дадеме јасна патека – преку соработка со општините, надлежните институции и заедниците – кон општество каде што сите граѓани ќе се чувствуваат еднакви и ќе имаат еднакви шанси за успех во животот.

**Претседателката на Република Северна Македонија, Гордана Силјановска Давкова,** изрази благодарност за поканата да го отвори настанот посветен на правото на домување на Ромите. Според неа, да се учествува на ваков настан не е само чест, туку е и нејзина политичка и етичка обврска како претседателка да говори и да слушне за правото на домување на Ромите кое е основна претпоставка за уживање на многу други човекови права без кои нема достоинствен живот.

Претседателката истакна дека домувањето не е само покрив над главата, како што често се перципира, туку е темелот, ама и условот за достоинствен личен, семеен и социјален живот. Од Аристотел до денеска, човекот е „Zoon politikon“, политичко суштество, а политика подразбира не само да бидете носител на некоја функција, туку и да учествувате во процесот на одлучувањето. Домот е местото во кое го создаваме и негуваме семејство, средината во којашто растат и се одгледуваат децата, просторот во којшто учиме да живееме со други, да сакаме други, да работиме, да почитуваме.

Овде денес дојдов не за да зборувам за статистика и само за политики, туку за да чуеме за нееднаквоста, за животните искуства на Ромите, како најранлива категорија наши граѓани, соочени со системска и со структурна дискриминација врзана за непоседување во многу чест случај, сопствен дом или стан, „осуденост“ на живот во непостојано, несигурно или супстандардно живеалиште на периферијата, без пристап или отежнат пристап до вода за пиење, без услови за лична хигиена, во недостиг на животен простор, односно свое катче за секој член на најчесто многудетното семејство, па дури и отсуство на стандардна електрична мрежа.

Овие проблеми, за жал, сè уште не се ретки, не се инцидентни, туку се редовно присутни во речиси сите наши градови, општини и населби со доминантно ромско население, препознатливи по ниската стапка на вработеност, недоволна опфатеност на децата и младите во образовниот процес, висок степен или повисок на криминал, лоша патна, здравствена, образовна и спортска инфраструктура, присуство на феноменот на улични деца.

Претседателката во своето воведно обраќање потенцираше дека Ромите се наши сограѓани, не се дојденци, не се гости во оваа земја, туку таа е нивен дом. Не заслужувате маргинализација ниту дискриминација, туку отворена поддршка. Дискриминацијата и маргинализацијата мора да ги испратиме во историјата. Мора да сториме нешто повеќе за рамноправност, бидејќи ромските права, вклучувајќи го и правото на граѓанско право, човечко право, на пристоен дом и домување, заслужуваат почит. Таа се осврна на тешката историја и живот кој го поминале Ромите, а кои и покрај сé покажаа храброст и голема отпорност на неволји, неверојатна способност за адаптација, желба за соживот.

На крај, претседателката заклучи дека разговорите се важни, но еднаквоста се постигнува преку мерлива, видлива, одржлива акција и токму затоа уште еднаш ја афирмираше благодарноста до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, до Институтот „Лудвиг Болцман“, навистина за креирањето на оваа платформа.

**Заменик министерот за локална самоуправа, Ерџан Селими,** во своето обраќање нагласи дека Ромите се нераскинлив дел од нашиот мултикултурен живот и општеството, поради што потребно е нивните потреби и проблеми подобро да бидат препознаени во буџетските

приоритети на единиците на локалната самоуправа. Тие се најблизу до граѓаните и оттука е важна нивната заложба и вклученост во постигнувањето на еднаквоста на сите заедници, особено во обезбедувањето на пристап до јавните услуги и во создавањето на услови за достоинствен живот на сите. Заменик министерот потенцираше дека Владата и Министерството за локалната самоуправа остануваат посветени на обезбедување на поддршка на општините во јакнењето на нивната улога за промовирање на еднаквоста, транспарентноста и социјалната правда.

**Амбасадорот на Европската Унија во Република Северна Македонија, Михалис Рокас,** во својот поздравен говор ја потврди посветеноста на Европската Унија за инклузија на ромските заедници, во тесна соработка со Владата на Република Северна Македонија. Ромите и во Северна Македонија и низ Европа и понатаму се соочуваат со сериозни пречки во остварувањето на едно од најосновните човекови права – правото на соодветно домување. Преголем број Роми сè уште живеат во сегрегирани населби, во несигурни услови, често без пристап до чиста вода и во несоодветни санитарни услови. Според него, ова не е само прашање на домување, туку прашање на еднаквост, достоинство и правда. Затоа, потенцираше тој, овој настан претставува важен чекор во насока на постигнување на еднаквост. Амбасадорот уште еднаш потврди дека присуството на претседателката Силјановска Давкова, на претставници од министерствата и други институции, од граѓанскиот сектор и меѓународните организации, испраќа јасна порака за посветеноста на сите засегнати страни кон решавање на овие прашања. Затоа е неопходно да продолжи соработката со сите релевантните актери и со самите ромски заедници – во насока на градење на поправедно, поеднакво и поинклузивно општество.

**Лидерката на компонента 4 на проектот Поддршка на ЕУ за владеење на правото, Барбара Лигл,** ги поздрави присутните и им посака добредојде во името на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото", финансиран од Европската Унија и имплементиран од Лудвиг Болцман Геселшафт - Институт за фундаментални и човекови права. КСЗД е една од четирите главни корисници од активностите кои ги поддржува компонентата за човекови права. КСЗД е клучен чинител за човековите права и дава значаен придонес кон отстранување на повредите на човековите права за луѓето кои преживеале дискриминација и ги прави видливи системските недостатоци со што директно влијае на граѓаните и граѓанките кои се наоѓаат во ранлива позиција. Врз основа на своето работење, КСЗД идентификува проблеми кои засегаат заедници кои се наоѓаат во маргинализирана ситуација. Преку организација на ваков тип на настани, сакаме да обезбедиме простор кој ќе ги обедини засегнатите страни, вклучувајќи ги и ромските заедници и ќе им овозможи отворено да разговараат за предизвиците и можните решенија. Особено сме посветени да обезбедиме простор за ромските заедници да можат да ги споделат своите видувања и предлози и заедно со институциите да идентификуваат насоки за делување. Заклучоците од Разговорите за еднаквост ќе ѝ помогнат на КСЗД да ги обликува своите конкретни активности кон постигнување суштествена еднаквост за

ромските заедници, со фокус на правото на домување. Ова е наш втор заеднички настан од ваков формат. Следната година, во рамките на Проектот, ќе продолжиме со уште еден сличен настан, а исто така ќе ја поддржиме КСЗД во обезбедување на средства за редовно организирање на овие годишни средби и по завршувањето на проектот, со што КСЗД ќе придонесе кон значајни промени во општеството.

**Предизвици во обезбедување на еднаков пристап до домување на Ромите**

- Душан Томшиќ, Комисија за спречување и заштита од дискриминација
- Суад Скендери, Институт за истражување и анализа на политики Ромалитико
- Маја Одрчиќ Микулиќ, раководителка на одделението за граѓанско општество и човекови права, Општина Меѓумурје, Република Хрватска
- Себихан Демировски, Ромски Ресурсен Центар

Модераторка: Љупка Трајановска, проект Поддршка на ЕУ за владеење на правото

## Душан Томшиќ, член на Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во изминатите години постапува по случаи на дискриминација на Роми во пристапот до домување и пристапот до вода и комунални услуги. Европскиот Центар за правата на Ромите во мај 2024 година поднесе претставка со која бара КСЗД да утврди дискриминација врз основа на етничка припадност и припадност на маргинализирана група во пристапот до правото на соодветно домување, од страна на Општина Карпош, Општина Чаир, Општина Гази Баба, Општина Велес, Општина Куманово, Општина Прилеп, Општина Битола, Општина Гостивар, Општина Тетово, Општина Кичево, Општина Кавадарци, Општина Струмица, Општина Кочани, Општина Виница, Општина Штип, Општина Берово и Општина Струга. Претставката за заштита од дискриминација е поднесено со цел заштита на правата на поголема група на граѓани – Роми против 17-те општини во кои засегнатата група живее.

Во претставката се истакнати наводи за проблем со кој се соочуваат илјадници граѓани Роми за кои се наведува дека живеат во правна несигурност поради тоа што нивните домови се лоцирани во делови од општините наречени „супстандардни населби“, кои не се вклучени во урбанистичките планови и покрај фактот што непречено постојат веќе долги временски периоди. Оттука, истакнато е дека ваквата состојба им создава низа на правни и фактички пречки на засегнатите граѓани во пристапот до човекови права, добра и услуги на локално ниво, како и неможност за соодветно користење на законските можности за легализација на нивните домови. Согласно надлежностите и одговорностите делегирани на единиците на локалната самоуправа во Законот за локална самоуправа, општините се

директно одговорни за локалниот економски и урбанистички развој. Душан Томшиќ истакна дека според досегашното искуство од работата на КСЗД, состојбата со урбанизацијата на ромските населби останува непроменета, при што општините ниту ги урбанизираат ромските населби, ниту ги користат државните средства за да го започнат процесот на урбанизација. Околу 28% од Ромите ги немаат легализирано своите живеалиште поради недостаток на урбанистички план во општината за тие населби или поради неможност за покривање на финансиските трошоци. Дополнително, граѓаните кои поднеле барања за легализација на бесправно изградените објекти чекаат повеќе од пет години за да добијат одговор од надлежните институции за статусот на нивното барање.

КСЗД, врз основа на постапувањето во случаи на дискриминација во домувањето, има утврдено дека последните 25 години, општините не изнашле соодветни решенија за урбанизација и вклучување на ромските населби во генералното урбанистичко планирање на градовите, со што проблемите поврзани со легализацијата се продлабочени и многу ромски живеалишта се изоставени од процесот на легализација. Оттука, наведено е дека во вакви услови се чини невозможно остварувањето на Стратешката цел бр. 2 од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, согласно која е предвидено до 2030 година, 80% од идентификуваните ромски населби да се урбанизираат и да имаат основна инфраструктура, додека сите живеалишта кои ги исполнуваат условите да бидат легализирани.

Душан Томшиќ потенцираше дека Република Северна Македонија ја усвои Познан Декларацијата на партнерите од Западен Балкан за интеграција на Ромите во рамките на процесот на проширување на ЕУ со која се обврза да продолжи да ги зајакнува напорите за целосна еднаквост и интеграција на Ромите. Во делот на домување, целта која земјата се обврза да ја исполни е „Секогаш кога е можно, да се легализираат сите неформални населби во кои живеат Ромите или да се обезбеди трајно, пристојно, прифатливо и десегрегирано домување за Ромите кои моментално живеат во неформални населби и кои не можат да бидат легализирани од оправдани причини“. Исто така, Министерството за транспорт и врски во Стратешкиот план 2018-2020 година предвидуваше како мерка изготвување на нови урбанистички планови за поддршка на општините во насока на побрза урбанизација и уредување на просторот. Една од главните пречки е тоа што парцелите на кои се изградени куќите на ромските семејства не се урбанизирани и не се вклучени во ГУП-овите и ДУП-овите, а бавното спроведување на мерките поврзани со изработката на урбанистичките планови за ромските населби има негативно влијание врз Ромите. Како резултат на ова, не постои правна основа за изградба на водоводна и канализациска мрежа, како и приклучоци за електрична енергија, следствено на што се соочуваат со супстандардни услови за живот.

Недонесувањето и неспроведувањето на донесените детални урбанистички и генерални урбанистички планови за населбите каде претежно живее население од ромска етничка

припадност, има непропорционално негативен ефект врз ромската етничка заедница, со тоа што истата се става во понеповолна положба во споредба со остатокот од населението кое живее во урбанизирана и поразвиена средина. Оттука, последиците од ваквата фактичка состојба резултираат со непристапност до основна инфраструктура – вода, канализација, асфалтирани патишта и електрична енергија, неможност за легализација на објектите за живеење, ограничен пристап до јавни услуги како образование, здравство, јавен превоз, како и продолжена маргинализација и сиромаштија.

На крај, Душан Томшиќ најави дека КСЗД подготвува Општа препорака која има за цел да ги адресира сите овие проблеми и да ги повика општините да преземат мерки во рамки на законските надлежности и да го решат проблемот со нелегалните домови на ромските заедници.

## Суад Скендери, програмски директор, Институт за истражување и анализа на политики Ромалитико

Суад Скендери, во своето излагање зборуваше за искуството од спроведените локални акции за подобрување на домувањето и инфраструктурата во ромските населби и поддршка на ромските заедници низ територијата на Северна Македонија, особено за идентификуваните проблеми и научените лекции од овие интервенции. Институтот за истражување и анализа на политики Ромалитико во изминатите пет години спроведуваше проект "Заедно за просперитетни заедници", со фокус на 23 општини каде живеат ромските заедници.

Преку организирање на средби со заедниците, локални форуми, се идентификуваа потребите на заедниците во нивните маала. Кои се најсериозните инфраструктурни проблеми со кои тие се соочуваат, вклучувајќи го и домувањето. Врз основа на идентификуваните проблеми, во периодот од пет години беа организирани 84 локални акции. Финансирањето на акциите е со средства од проектот на Институтот за истражување и анализа на политики Ромалитико, поддржан од УСАИД, и со делумно учество на општината со свои средства. Заедниците беа вклучени во спроведувањето на акциите со труд и работна рака. Суад Скендери, особено го потенцираше учеството на ромските заедници во бетонирање на еден крак од улица во Пирок дол во Штип, каде луѓето со свој труд ја бетонирале улицата и ја поврзале својата заедница со пат до останатиот дел од градот. Сличен пример сподели во општина Тетово каде со кофинансирање на општината се асфалтирани 220 м од улица во ромска населба. Во општина Виница со кофинансирање на општината и проектот на Ромалитико извршена е промена на азбестни цевки.

Во општините каде ромските задници живеат во делови од населените места кои не се дел од деталните урбанистички планови, преку проектот, иницирани се процеси за подготовка на детални урбанистички планови (ДУП). ДУП-овите треба да ги вклучат и ромските населби и ќе се создадат услови за легализација на дивоградбите и воспоставување на неопходната

инфраструктура за поврзување на овие населби со населеното место, ќе обезбедат пристап до комунални услуги и вода.

Врз основа на овие интервенции, Суад Скендери наведе дека се соочиле со многу можности, но и пречки во имплементацијата на локалните акции. Како можност, го истакна активното вклучување на заедницата, која имаше значаен удел во имплементација на акциите. Иако не секогаш беа во можност да учествуваат со финансиски средства, во многу општини, заедницата учествуваше со работа на терен. Во многу општини, ромската заедница беше главната работна сила во изведба на работата на терен. Преку акциите, дијаспората е идентификувана како голем потенцијал којшто прераснува во можност за нивно вклучување во процесот на планирање и имплементација на локалните акции. По неколку состаноци со дијаспората од различни градови, Ромалитико успеа да мобилизира поддршка од страна на дијаспората за различни акции. Исто така, приватниот сектор, односно општествено одговорните компании претставуваат можност за развој во заедницата, општините и други ентитети и индивидуалци кои имаат за цел развој во ромската заедница.

Сепак, Суад Скендери ги потенцираше и системските пречки кои ги идентификувале и кои го оневозможуваат развојот на ромските заедници и покрај достапноста на финансиски средства. При спроведување на ваков тип на акции важна е политичката волја на градоначалниците да инвестираат во ромските маала, што не е секогаш случај. Во процесот на преговори и планирање без поддршка, согласност и учество на градоначалниците, сите амбиции и проекти за развој се невозможни. Дополнителен предизвик во обезбедувањето на поддршка од локалната власт е фактот што најчесто, ромските маала не се дел од ДУП-овите на општините, а со тоа и отсуствува обврската да се инвестира и да се обезбедат стандардни услови за живот како во останатите делови од градовите.

Во вториот дел од своето излагање, Суад Скендери даде оценка за напредокот на државата и единиците на локалната самоуправа во имплементацијата на правото на соодветно домување за Ромите. Тој потенцираше дека долг период обезбедувањето на соодветно домување на ромските заедници стагнира. И покрај бројните акции спроведени од Ромалитико и други граѓански организации, сé уште постои отпор кај општините за промена на ДУП-овите на начин на кој ќе се обезбеди домување. Дури и таму каде што општините вршат промена на ДУП-овите, тоа е често на штета на ромските заедници, затоа што локациите на нивните бесправно изградени домови прераснуваат во трговски и други деловни објекти и ги оставаат Ромите без дом. Според Суад Скендери, ова може да се надмине преку вклучување на заедницата во планирањето и инвестирањето на локално ниво. Заедницата мора да биде вклучена во сите фази на подготовка, планирање и спроведување, како би имала сопственост врз целиот процес и инвестирањето во заедницата. Врз основа на искуството на Ромалитико, заедницата е мобилизирана за

локален развој и има амбиции кои може да станат реалност само кога засегнатите страни ќе се здружат и заеднички ќе дејствуваат.

## Маја Одрчиќ Микулиќ, раководителка на одделението за граѓанско општество и човекови права, Општина Меѓумурје, Република Хрватска

Во своето излагање, претставничката на Жупанијата Меѓумурје во Хрватска го претстави напредокот кој општината го постигнала изминатите неколку години преку усвојување мерки за урбанистичко планирање, легализација на ромските населби и поддршка на изградбата на станови.

Меѓумурската жупанија е регионот со најголема концентрација на Роми во Хрватска - со 6.954 Роми кои живеат таму, што претставува дури 6,61% од вкупното население на жупанијата. Во овој дел, идентификувани се 14 ромски населби, од кои дури 95% се просторно сегрегирани, што значи дека се наоѓаат надвор од главните населби или на нивните периферии. Во некои од овие населби се регистрирани повеќе од 380 станбени згради, што потврдува и висока густина на населеност и сложеност на предизвиците за просторно планирање.

Еден од најголемите предизвици е проблемот со нелегалната градба. Истражувањата покажаа дека во Меѓумурје, околу 31,8% од зградите во ромските населби не се легализирани, што е еден од највисоките проценти во Хрватска. Овој статус не само што го спречува пристапот до комунални и социјални услуги, туку и дополнително придонесува кон несигурност, ограничување на слободата и исклучување на ромските заедници.

Со оглед на сложеноста на проблемот, пристапот развиен во Меѓумурје се базира на координација меѓу локалните, регионалните и националните власти, со активно вклучување на Ромите и граѓанското општество. Клучен елемент беше развојот на детални урбанистички планови, што овозможи дефинирање на границите и правилата за градење во ромските населби и го отвори патот кон легализација на зградите.

Како добра пракса, говорничката го сподели примерот со градот Чаковец, кој финансираше легализација на 109 куќи, овозможувајќи им на голем број жители за прв пат да добијат правно признат статус на своите домови. Истовремено, беа обезбедени средства од Националната канцеларија за човекови права и права на националните малцинства, за спроведување на процесот на легализација и подобрување на инфраструктурата во неколку населби. Говорничката особено го нагласи активното учество на Ромите како рамноправни партнери во спроведувањето на мерката. Теренската работа, консултациите и вклучувањето на претставниците на Ромите во работните групи и советите беа клучни за градење доверба и прифаќање на процесот. Истовремено, комуникацијата со мнозинската заедница ги нагласи придобивките од легализацијата за сите: од подобрена безбедност и здравје, до намалени трошоци за итни интервенции, поправки и/или социјална помош.

Говорничката истакна дека овој успех не се заснова на еден документ или проект, туку тоа е резултат на долгогодишна системска работа што ги поврзува урбанистичкото планирање, социјалните политики и човековите права.

Во вториот дел од своето излагање, говорничката се осврна на напорите на Жупанијата за одржливо вклучување на Ромите во донесувањето на одлуките и спречување на идна сегрегација и исклучување. Свесни дека физичката легализација на зградите не е доволна, таа сподели три важни столба за одржливост на мерката и постигнување на суштествена еднаквост

<u>Првиот столб</u> е вклучувањето на Ромите во процесите на донесување одлуки. Жупанијата континуирано соработува со советите и претставниците на ромското национално малцинство, како и со клучните актери во заедниците. Преку разни проекти и советодавни тела, ние обезбедуваме одлуките што влијаат на животот во ромските населби да се донесуваат заедно со Ромите - а не наместо нив.

<u>Вториот столб</u> е системско просторно планирање и спречувањето на нови диворадби. Откако ќе се легализираат, зградите и регулираните населби мора да останат уредни. За таа цел, развиени се детални урбанистички планови и зголемен е надзорот. Во соработка со ромските семејства, особено младите, се стремиме да пренесеме знаење за тоа како да се користат постојните законски и станбени механизми.

<u>Третиот столб</u> е обезбедување на пристап до основни услуги и инфраструктура. Дури 64,3% од ромските локации во Меѓумурје се физички одвоени од населените места, а 95% од ромското население живее во просторно изолирани средини. Многу локации сѐ уште немаат соодветен пристап до вода, електрична енергија, канализациски системи, интернет мрежи, како и безбеден и редовен јавен превоз. Освен физичката инфраструктура, „социјалната инфраструктура“ е исто така клучна – како што се игралишта, простори за образование и рекреација и места за јавно собирање. На многу заедници им недостасуваат овие, што дополнително ја попречува интеграцијата и влијае врз развојот на децата и младите. Конечно, одржливоста значи и континуирано прилагодување на политиките и програмите врз основа на реалните потреби на заедницата. Ги следиме ефектите од нашите мерки, создаваме простор за дијалог и сме подготвени да ги промениме пристапите таму каде што тие не даваат резултати.

## Себихан Демировски, Ромски Ресурсен Центар

На панелот посветен на предизвиците за обезбедување на домување на ромската заедница значен придонес имаше и претставникот на Ромскиот Ресурсен Центар, Себихан Демировски. Тој ги презентираше научените лекции од спроведените и тековните проекти со кои ги поддржуваат ромските заедници во неколку општини да обезбедат достоинствено домување и пристап до услуги. Кои можности се појавија во вашата работа

за подобрување на домувањето и инфраструктурата во ромските населби, и кои системски пречки сѐ уште го спречуваат еднаквиот пристап до соодветно домување за ромските семејства? Говорникот главно се фокусираше на постигнатите резултати од два проекти. Во општина Виница преку неговата организација спроведени се реконструкции на куќи, урбанизација на делови од општината преку усвојување на ДУП, започнување и водење на постапки за легализација на куќи и подобрување на инфраструктурата на ромските населби. Себихан Демировски ја потенцираше историската дискриминација со која се соочуваат Ромите, а која, меѓу другото, влијае на ограничен пристап до домување.

Во рамки на проектите кои ги спроведува Ромскиот Ресурсен Центар, реконструирани се 22 куќи со изработка на фасада, монтирање на врати и прозорци. Поднесени се 270 барања за легализација и најголем дел од нив се завршени и одобрени, а дел се сé уште во постапка. Каде што е потребно, извршено е поврзување на објектите со водоводната мрежа.

Во вториот дел од своето излагање Себихан Демировски зборуваше за неговата оценка за напредокот на државата и единиците на локалната самоуправа во имплементацијата на правото на соодветно домување за Ромите. Според него, доминантна е дискриминацијата врз Ромите во одлуките и постапувањето на општините со што се попречува унапредувањето на ова право. Имено, во еден од проектите чии резултати ги презентираше, единствено општина Виница прифатила да го подржи спроведувањето. Останатите општини со кои организацијата стапила во контакт и им понудиле поддршка, истата ја одбиле. Себихан Демировски предлага усвојување на методологија која ќе го утврди начинот на распределување на средства од Буџетот и одредување на процент кој единиците на локалната самоуправа ќе треба да планираат и потрошат на проекти кои се насочени кон унапредување на правата на Ромите. Во контекст на распределбата на средствата од кредитот од Унгарија, важно е да се предвиди одреден процент (тој предлага 15%) да се насочат за инфраструктурни проекти кои директно ќе ги унапредат ромските заедници.

Во однос на позитивните искуства, Себихан Демировски го презентираше искуството во општина Прилеп, каде тие примениле холистички пристап во подобрување на домувањето на Ромите. Имено, се застапува за промена на ДУП, како би се овозможила легализација на домовите, поднесени и завршени се постапки за легализација на 700 куќи, инвестирани се 70.000,000,00 евра во инфраструктура. Особено важен аспект во овие интервенции е заложбата на локалните ромски лидери кои имаат влијание во донесувањето одлуки во општината и истовремено ја мобилизираат заедницата да се вклучи во акциите.

Покрај домувањето, обезбедена е поддршка за преквалификација, развивање на дигитални вештини со цел подобрување на вработливоста на Ромите, поддршка на млади жени кои бараат работа. За собирачите на отпад обезбедена е заштитна опрема и трицикли за поефикасно извршување на работите при собирање на отпад. Преку овие примери,

панелистот потврди дека справувањето со домувањето не е единствен проблем на Ромите и нема да придонесе кон суштинска еднаквост единствено решавање на проблемот со домувањето. Затоа, е потребно спроведување на сеопфатни интервенции кои ќе обезбедат поширока поддршка за ромските семејства во областа на работата, образованието, здравјето и другите сегменти од секојдневното живеење.

**Комисијата во фокус: Еднаков пристап до домување и вода на Ромите**

- Игор Јадровски, Комисија за спречување и заштита од дискриминација
- Перо Костадинов, Општина Валандово (ДСП)
- Бојан Трпевски, Македонско здружение на млади правници

Модераторка: Наташа Бошкова, проект Поддршка на ЕУ за владеење на правото

## Игор Јадровски, член на Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Во излагањето членот на КСЗД говореше за случаите на системска дискриминација во пристап до домувањето со кои се соочуваат Ромите, а кои биле иницирани до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Тој сподели позитивни примери на справување со случаи на дискриминацијата во домувањето на Ромите, со наоѓање на времени и трајни решенија, како што се случаите со Општина Валандово и Општина Кавадарци. Во своето излагање го нагласи и моментот на интерсекциска дискриминација, односно како немањето на пристап до вода и домување, диспропорционално повеќе ги афектира жените Ромки. На крајот, сумираше дека за спречување и заштита од системска дискриминација кон Ромите во пристап до домување и вода, потребна е континуирана и суштинска меѓуинституционална соработка во која ќе бидат вклучени централната власт, локалната власт, засегнатото населението погодено од дискриминација во домувањето и пристап до услуги и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

## Перо Костадинов, градоначалник на Општина Валандово

Во излагањето на градоначалникот на општина Валандово се презентираше случајот со проблемот со водоснабдување во Казандол, Валандово и начинот на кој овој проблем беше решен. Според градоначалникот, ова е проблем со кој жителите на Казандол подолг период се соочуваат, но до минатата година не биле преземени позначајни чекори за решавање. Во јули 2024 година медиумите објавија дека околу триста жители на валандовското село Казандол три седмици се без вода. Станува збор за планинската населба до која се доаѓа по тесен пат со кривини. Жителите се соочуваат со предизвик да донесат чиста вода за себе и за животните.

КСЗД по службена должност иницираше постапка и се обрати до Општина Валандово со барање за произнесување за моменталната состојба во Казандол. По извршен увид на лице место, беше констатирано дека навистина во летните месеци, кога температурите се високи, жителите на Казандол се соочуваат со недостиг на вода поради што страдаат тие и стоката за која се грижат. Но, од општина Валандово појаснуваат дека од жителите на Казандол не е поднесено ниту едно писмено архивирано барање во јавното претпријатие за стопанисување со вода и приклучок во водоводна мрежа на ЈП за стопанисување со вода на ниво на општина Валандово, поради што проблемот со години е нерешен. Градоначалникот, појасни дека по интервенцијата на КСЗД, веднаш се испратени канистери за вода и итно справување со проблемот со водата.

Советот на општина Валандово донесе одлука со која ги пренесе надлежностите за вршење на комунални дејности од јавен интерес во населено место Казандол, Општина Валандово на ЈП Комунален сервис. На овој начин, со отстапувањето на системот за снабдување со вода за пиење на Казандол и негово одржување од страна на ЈП Комунален Сервис Валандово, се обезбедува непречен пристап до водоводната мрежа. Но, според градоначалникот, ова отстапување повлекува права и одговорности, па потребно е да се формираат цени за овие услуги кои локалното население треба соодветно да ги покрие. Токму обврската за надоместок на услуги при приклучување кон водоводната мрежа била причината поради која локалното население во Казандол никогаш досега не поднеле барање за приклучување, бидејќи истото подразбира и финансиски обврски. Досегашниот начин на водоснабдување од бунарите, кои се сушат во текот на летните периоди, е без надоместок и локалното население го користело непречено.

Во врска со промената на начинот на водоснабдување, градоначалникот потенцираше дека особено е важен пристапот кон локалното население и едукација за придобивките од системот на водоснабдување, но истовремено и за обврските за одржување на истиот. Поради ова, општината формирала комисија составена од претставници на месната заедница, ЈП Комунален сервис и општината и со заеднички напори преку јавни собири и средби со граѓаните ќе се изнаоѓаат решенија за локалните проблеми, вклучувајќи го и проблемот со водата и локалната инфраструктура.

## Бојан Трпевски, правен советник, Македонско здружение на млади правници

Во своето излагање, Бојан Трпевски се фокусираше на искуствата од судската постапка во случај за обезбедување на вода за пиење на ромските заедници во општина Прилеп. Македонското здружение на млади правници во 2017 година им помогна на жителите на ромска населба во Прилеп да поведат судска постапка за обезбедување на пристап до вода за пиење. Жители на периферна населба во Прилеп во дворовите и куќите имале чешми за вода, но, дел немале вода, а оние од кои течела вода, водата не била бистра и не е од водоводот. Тие не се приклучени на водоводната мрежа, додека во куќите кои се во истата населба, но на пониско ниво, обезбеден е приклучок на водоводната мрежа. Поради ова,

поднеле тужба до Основниот суд Прилеп со која бараат судот да го усвои тужбеното барање и да утврди дека Општина Прилеп и Јавно комунално претпријатие Водовод и канализација Прилеп го повредиле правото на еднаков третман, односно правото на еднакво постапување поради нивната етничка припадност и извршиле дискриминација, неовозможувајќи им пристап до чиста и здрава вода за пиење. Основниот суд Прилеп во септември 2018 година донесе пресуда со која тужбеното барање го одбива во целост како неосновано. Во пресудата е наведено и дека тужителите во постапката не докажале дека ги исполниле законските услови за приклучување во водоводната мрежа ниту пак докажале дека поднеле барање до општината и јавното претпријатие за приклучување кон водоводна и канализационата мрежа, односно не докажале дека ги исполниле законските услови за остварување на правото за добивање на приклучок кон водоводната мрежа.

Тужителите вложиле жалба до Апелациониот суд Битола кој со решение донесено во декември 2018 година, ја укина пресудата на Основниот суд Прилеп и предметот го врати на повторно судење со насока судот во повторената постапка да испита дали во населбата каде живеат Ромите е обезбедена водоводна и канализациона мрежа како тие би можеле да се приклучат на истата. Одлучувајќи по жалба на првостепената пресуда, Апелациониот суд Битола постапувајќи по изјавените жалби утврди повреда на правото на еднаков третман, односно правото на еднакво постапување поради нивната етничка припадност и сторена дискриминација преку оневозможување пристап до чиста и здрава вода за пиење и непреземање посебни мерки за заштита и повреда на правото на еднаков пристап до вода и ги задолжува тужените да им платат на тужителите на име нематеријална штета износ за претрпена душевна болка.

Во образложението на пресудата, судот се повикува на домашното законодавство за заштита од дискриминација, но и одредбите од Европската конвенција за човекови права, праксата на Европскиот суд на правдата со која се забранува дискриминација во снабдувањето со вода и водоводни услуги. Дополнително Апелациониот суд Битола ја наведува и резолуцијата A/Res/64/292 на Генералното собрание на Обединетите нации, според која пристапот до безбедна вода за пиење и санитација е признат како човеково право, при што недостатокот на пристап до безбедна вода за пиење во 21 век претставува најголема повреда на човековите права, а државите и меѓународните организации, преку меѓународна соработка и помош, треба да дадат финансиска поддршка за изградба на капацитети и пренос на технологии, особено на земјите во развој, со цел зголемување на напорите за сите луѓе да се обезбеди здравствено исправна, чиста, достапна и пристапна вода за пиење и канализација. Ваквиот став на Обединетите нации е дополнително афирмиран со резолуциите бр. 68/157[10] и бр. 70/169[11]. Судот ги наведува и стандардите на Светската здравствена организација, согласно кои безбедна вода за пиење се смета водата која не преставува опасност по здравјето при конзумирањето во текот на животот, бидејќи не содржи микробиолошки патогени организми, ниту хемиски или радиолошки агенси.“

На крај, Бојан Трпевски ја потенцираше важноста од поведување на судски постапки со цел стратешко застапување за правото на пристап до вода, независно од крајниот исход на постапката. Пресудата на Апелационен суд Битола е значајна од причина што правото на чиста вода за пиење се признава како добро од општ интерес за државата истакнувајќи дека ужива адекватна заштита како во Уставот, така и во законите кои ја регулираат областа за водоснабдувањето со вода за пиење. Во пресудата е наведено дека достапноста до водата подразбира континуирано снабдување со вода за пиење, кое обезбедува доволни количини според критериумите за наменско користење, а од друга страна достапноста има и димензија на согледување од аспект на дискриминација, бидејќи подразбира физичка и финансиска пристапност до водата за пиење. При одлучувањето судот ги ценел аргументите на тужените за правниот статус на објектите на тужителите и правилно одлучил дека во конкретниот спор, под дадените околности, сопственоста на објектите е од второстепено значење. Преку случајот во Прилеп се создаде судска пракса која се користи и во други постапки. Преку настани за вмрежување, состаноци, јавни дискусии и стручни дебати се придонесе кон застапувањето за обезбедување на здрава вода за пиење.

**Правото на домување во европското право и практика**

- Говорничка: Лила Фаркаш, меѓународна експертка за еднаквоста и недискриминацијата во меѓународното право

Модераторка: Наташа Бошкова, проект Поддршка на ЕУ за владеење на правото

Последниот панел на настанот беше посветен на меѓународните обврски за обезбедување на правото на домување на ромските заедници и придобивките од стратешкото застапување пред домашните и регионалните тела за заштита на човековите права.

Според Лила Фаркаш, просторната маргинализација на ромските заедници во Источна Европа треба да се разбере во рамките на поширокиот структурен и историски контекст на исклучителни државни практики, недоволно инвестирање и расизирано управување. Постсоцијалистичките урбани трансформации, вклучувајќи ја приватизацијата, гентрификацијата и намалувањето на јавниот станбен фонд, ги влошија овие нееднаквости, туркајќи ги осиромашените ромски семејства во неформални или супстандардни населби, дополнително изолирани од основната инфраструктура и јавните услуги. Економското реструктуирање по 1989 година значеше воведување на државни политики кои фаворизираат сопственост на дом преку приватизација и реституција на станбениот фонд и деприоризација на социјалните станови.

На почетокот на своето излагање, Лила Фаркаш ги претстави клучни правни обврски кои произлегуваат од конвенциите и правната пракса на различните регионални и меѓународни тела за заштита на човековите права. Во контекст на домување на Ромите се користи рамката за граѓански, социјални права и антидискриминациски одредби. Според Фаркаш, рамката за социјални права има најголем трансформативен потенцијал бидејќи се стреми да обезбеди добро што сè уште не постои. Меѓутоа, кога станува збор за заштита од иселување, рамката за граѓански права е подеднакво ефикасна бидејќи може да го блокира спроведувањето. Во ваква ситуација се поставува прашањето, зошто најчесто се користи рамката за антидискриминација?

Рамката за граѓански права првенствено се користи за оспорување на присилните иселувања на Ромите во Источна Европа, особено по клучната пресуда во случајот Јорданова и други против Бугарија, во која Судот во Стразбур го запре иселувањето со наметнување привремени мерки врз тужената држава (ЕСЧП 2012). Овој случај се однесуваше на иселување на ромска заедница која се населила во Софија во раните 1960-ти и ги изградила своите куќи без градежна дозвола. Потребно беше време за да се развие правна пракса за иселувањата, со оглед на тоа што ЕСЧП не го штити правото на домување само по себе. Овој правен пат се отвори затоа што Судот во Стразбур го толкуваше правото на приватен и семеен живот на начин што опфаќа некои аспекти на правата на домување. Во случајот Пакетова и други против Бугарија, ЕСЧП утврди повреда на член 8 во врска со член 14 поради откриено расистичкиот контекст на уривањето на куќите.

За Ромите кои живеат во несигурни услови, социјалната маргинализација е најсериозниот проблем, како и за слично ситуираните „не-Роми" во Романија не се користи правната рамка за социјални права, првенствено поради избегнувањето на социјалните „права" во транзицискиот период, а исто така и за време на пристапувањето кон ЕУ. Така на пример, иако Романија го потпиша и ратификуваше Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права и Ревидираната Европска социјална повелба (ЕСП), таа не го признава правото на домување според член 31 од ЕСП, ниту пак го дава правото на поднесување жалби според овие договори.

Доминантната правна рамка за расна/етничка дискриминација се потпира на правните можности што ги нуди пристапувањето во ЕУ, односно антидискриминациската условност на ЕУ кон источноевропските држави за време на нивниот процес на пристапување во ЕУ. Ова бараше ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за правата на националните малцинства и транспонирање на Директивата на ЕУ за расна еднаквост во националните закони на источните земји пред нивното пристапување во ЕУ. Препознавањето на расната дискриминација беше, исто така, нов пристап на стратешкото застапување за правата на Ромите спонзорирани од Институтот Отворено Општество, вклучително и од страна на Европскиот центар за правата на Ромите, кој ја преточи оваа

правно рамка од движењето за граѓански права на САД во контекстот на правата на Ромите во Источна Европа.

Стратешките судски спорови според Европскиот комитет за социјални права покажаа дека дискриминацијата влијае врз остварувањето на правата за домување за Ромите и патувачите во Италија, Белгија, Франција, Грција, Португалија, Ирска и Бугарија. Одлуките идентификуваа дискриминација во достапноста и условите за домување, како и пристапот до комунални услуги, присилните иселувања и сегрегираното домување.

Во однос на можностите за идни чекори на КСЗД во Македонија, Лила Фаркаш појаснува дека наметнувањето на забрана/десегрегација како апсолутна должност е „игра со нулти збир; избор помеѓу сè или ништо. Обратно, пропишувањето на пристапот до домување како апсолутен приоритет и барањето забрана/десегрегација на лизгачка скала, предмет на соодветни заштитни мерки, би можело да даде подобри резултати и да обезбеди учество на Ромите. Како што е, неможноста или неподготвеноста да се исполни барањето за забрана/десегрегација на крајот може да го поткопа пристапот до домување. Интересно е што оваа дилема е веќе решена на начин што дава приоритет на пристапот до домување во споредба со десегрегацијата кога станува збор за кампањи против иселувања. Ваквите спорови се вообичаени, ја користат рамката за граѓански права, заштитувајќи го правото на приватност и семеен живот - и често резултираат со судски забрани, дури и ако тие во голема мера останале неспроведени поради бирократски отпор.

Лила Фаркаш во своето излагање зборува за романските кампањи за судски постапки кои покажуваат дека законските рамки ги информираат стратегиите и затоа се клучни за успех, а исто така дека постои простор за подобрување, особено со целосно прифаќање на рамката за социјални права, додека се користи стратегијата за граѓански права за спречување на иселувања. Споредено со областа на образованието, државите им наметнуваат обврска на граѓаните да посетуваат јавно образование и оваа обврска не може по својата природа да вклучува нееднаков третман и/или сегрегација.

Врз основа на внимателно изработен тест кој ги балансира локалните ромски интереси, отпорот на мнозинството гласачи, бирократската непредвидливост и други релевантни фактори кои го попречуваат целосното спроведување на правото на еднаков третман, особено еднаквиот квалитет и несегрегираната природа на одредбите, треба да се смета за второстепен приоритет, кој не треба да се обезбедува одеднаш, туку програмски. Тестот треба да го утврдат националните тела за еднаквост врз основа на тестот за пропорционалност кој може да ја оправда индиректната дискриминација според законот против дискриминација или ограничувањето на правата според Европската конвенција.

Телата за еднаквост треба да се консултираат со актерите на граѓанското општество за време на усвојувањето на тестот и со локалните ромски заедници за време на неговата

примена во поединечни случаи. Лила Фаркаш ги споделува ставовите на теоретичарите во врска со директните ефекти од правната постапка; со други зборови, нејзината способност да ги менува правилата е бесмислена, освен ако не е „придружена со промени на други нивоа.“ Судските спорови во врска со критериумите за социјално домување јасно ја покажуваат валидноста на оваа поента, бидејќи, и покрај успешните правни петиции што доведоа до модификација на некои критериуми за социјално домување, пристапот до социјално домување за Ромите не се промени во пракса. Масовните судски спорови од страна на ромските семејства кои всушност бараат пристап до социјално домување потпирајќи се на рамката за социјални права би биле поефикасна стратегија отколку едноставното оспорување на дискриминаторските критериуми за социјално домување на општините. Од друга страна, романските проекти за домување покажуваат дека политичкото водство може да биде одговорно на правните победи кога постои или волја кај локалните власти да дејствуваат во корист на Ромите или лична посветеност од клучните актери.

**Резиме и завршни зборови**

- Душан Томшиќ, член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација
- Барбара Лигл, раководителка на компонента 4, проект Поддршка на ЕУ за владеење на правото

На крајот на настанот, организаторите се обратија со заклучни согледувања и ги споделија плановите за во иднина со цел елиминирање на дискриминацијата на Ромите во пристапот до домување.

Душан Томшиќ, член на КСЗД, се заблагодари на панелистите и на присутните за нивниот придонес кон дискусијата за предизвиците и проблемите на ромските заедници во пристапот до домувње, комунални услуги и вода и можните чекори кои КСЗД и останатите институции треба да ги преземат. Тој, најави дека КСЗД има изработено предлог Општа препорака која треба да се усвои, а со која се бара од општините да обезбедат и спроведат системски и недискриминаторски мерки и активности за обезбедување на соодветно домување, спроведување на урбанистичко планирање, легализација на домувањето, приклучоци на јавна инфраструктура и обезбедување на административна поддршка и услуги за припадниците за населението кое живее во неформалните супстандарди населби.

По настанот, КСЗД ја усвои препораката и е достапна на интернет страницата на КСЗД. https://kszd.mk/wp-content/uploads/2025/07/Општа-препорака-за-домување.pdf

По завршувањето на настанот, ќе се подготви извештај, врз основа на кој, како и други претходно спроведени истражувачки активности, тим составен од КСЗД и проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ ќе изработи пишан преглед на предлог чекори и активности до системски промени, поврзани со индикатор, со цел овозможување на подобар терен за следење на нивното спроведување.

Барбара Лигл, во своето завршно обраќање им се заблагодари на КСЗД, сите учесници на настанот, панелистите и проектниот тим кој го овозможи одржувањето на второто издание на овој настан и најави дека проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, финансиран од Европската Унија, ќе продолжи со поддршка на уште еден настан во 2026 година. Таа, исто така најави и поддршка на КСЗД во обезбедувањето на одржливост на овој тип на настани и по завршувањето на проектот. Особено е важна посветеноста на сите засегнати институции и по завршувањето на овој настан да продолжат со работа на обезбедување на правото на домување на Ромите.

Настанот заврши во 15 часот.

Финансирано од
Европска Унија